Тип на документ:
Подзаконски акт
Број на Службен весник:
22/2013
Датум на објавување:
11.2.13

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/2010, 23/2011, 53/2011, 44/2012 и 168/2012), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5.2.2013 година, донесе

# ОДЛУКА
# ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА СРЕДСТВАТА ОД ДЕЛОТ НА АКЦИЗАТА ОД ДЕРИВАТИ ОД НАФТА

## Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на средствата од делот на акцизата од деривати од нафта кои ќе се распределуваат на Јавното претпријатие за државни патишта.

## Член 2

Висината на средствата од делот на акцизата од деривати од нафта кои се распределуваат на Јавното претпријатие за државни патишта изнесува 20% од акцизата од деривати од нафта.

## Член 3

Износот на средствата утврдени согласно член 2 од оваа одлука од Буџетот на Република Македонија се уплатуваат на сметка на Јавното претпријатие за државни патишта.

## Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-896/1
5 февруари 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.